Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21, и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.02.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија во 2024 година

**1.Цели**

Основна цел на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места. Одржувањето на културните и другите активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во средините каде што живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

**2.Активности**

Во 2024 година Општина Гевгелија ќе ги поддржи следниве активности на месните заедници, и тоа:

| Ред. Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Предлог одобрени средства за ПРОГРАМА 2024 година |
|---|---|---|---|
| 1 | **Месна заедница "Смоквица" - с.Смоквица** | Празнување на панаѓур за Митровден,Прослава на Василица | 20 000 ден. |
| 2 | **Месна заедница "Моин" - с.Моин** | Празнување на панаѓур во с.Моин; 11-ти Октомври | 30 000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3** | **Месна заедница "Габрово" - с.Габрово** | Празнување на панаѓур во с.Габрово; Прослава на Коледе | 20 000 ден. |
| **4** | **Месна заедница "Прдејци" - с.Прдејци** | Коледарски хепенинг, Свети Трифун, панаѓурски дружења, делење пакетчиња за Нова Година,Прдејчка вечер | 30 000 ден. |
| **5** | **Месна заедница "Богородица" - с.Богородица** | Василица; прослава на Велигден; новогодишен концерт, прослава на панаѓур | 30 000 ден. |
| **6** | **Месна заедница "Ново Конско" - с.Ново Конско** | Празнување на панаѓур во с. Ново Конско, Празнување на Илинден | 20 000 ден. |
| **7** | **Месна заедница " Трајко Алчинов" - с. Старо Конско** | Илинденски средби, прослава на панаѓур за Митровден, прослава на Коледе | 20 000 ден. |
| **8** | **Месна заедница "Давидово" - с.Давидово** | Прослава на Василица; одбележување на празникот Св.Илија; | 20 000 ден. |
| **9** | **Месна заедница "Серменин" - с.Серменин** | Прослава на панаѓур на Илинден,прослава на Митровден, прослава на Велигден | 20 000 ден. |
| **10** | **Месна заедница "Мрзенци" - с.Мрзенци** | Организирање на "Мрзенска вечер",Прослава на панаѓур | 20 000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11** | **Месна заедница "Петрово" - с.Петрово** | Прослава на панаѓур | 20 000 ден.  **.** |
| **12** | **Месна заедница "Милетково" – с.Милетково** | Прослава на панаѓур, Празнување на Илинден | 20 000 ден. |
| | | **Други активности** | 130 000 ден. |
| | | **ВКУПНО:** | **400.000 ден** |

**3.** Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-355/1
29.02.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**
с.р.